Врз основа на член 7 став 1 од Уредбата за за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на националната рурална мрежа на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.261/22 и 206/22) , Управниот Одбор на Националната рурална мрежа, на седница одржана на ден _________година, го донесе следниов:

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НАЦИОНАЛНАТА РУРАЛНА МРЕЖА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој Деловник за работа на Управниот одбор на Националната рурална мрежа (во понатамошниот текст: Деловник) се уредува припремањето, начинот на работа, составот, начинот на свикување, одржување и одлучување на седниците и односите со јавноста на Управниот Одбор на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Управен Одбор).

### Член 2

Работата на Управниот Одбор е јавна, освен во случаите определени со закон, уредба, правилник и со овој Деловник.

### Член 3

Управниот одбор се состои од 13 членови. Членови на Управниот одбор се:

- Државен советник за рурален развој;
- Раководител на Телото за управување со ИПАРД;
- Раководител на Секторот за рурален развој и
- Десет претставници од членството на Националната рурална мрежа.

### Член 4

Членовите на Управниот Одбор имаат свои заменици кои ги заменуваат во случај на нивна спреченост. Замениците на членовите на Управниот Одбор се од редот на организациската форма која ја застапуваат самите членови и ги имаат сите права, обврски и должности како и членовите на Управниот одбор.

### Член 5

Управниот Одбор одлучува полноправно, ако на седницата се присутни повеќе од половина од членовите, а одлуките се полноправни ако за нив се изјасни мнозинството од присутните.

### Член 6

Управниот одбор е конституиран на денот на одржување на првата седница на Управен одбор, на која беше утврдено присуство на повеќе од половина од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

### Член 7

Денот на избор на членовите на Управниот одбор од страна на Претседателот на Управниот одбор завршува мандатот на претходниот состав на Управен одбор.

## Член 8

Од денот на конструирање на Управниот одбор, членовите на Управниот одбор ги имаат сите права и одговорности утврдени со Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на националната рурална мрежа на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Уредбата), Правилникот за начинот и условите за финансирање на работата и активностите на националната рурална мрежа, прифатливите трошоци, висината финансирањето и дополнителните услови (во понатамошниот текст: Паравилникот) и со овој Деловник.

## II. Претседател на Управниот Одбор

## Член 10

Претседател на Управниот одбор (во понатамошниот текст: Претседателот) согласно Уредбата е Државниот советник за рурален развој од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст: Министерството).

Претседателот го заменува заменик претседател на Управниот одбор, кој се бира од редовите на членовите на Управниот одбор кои не се вработени во Министерството по пат на мнозинско гласање.

Претседателот на Управниот одбор:

- свикува седници и на нив претседава;
- ги потпишува актите кои ги донесува Управниот одбор и се грижи за нивно спроведување;
- ја обезбедува и ја насочува работата и дејствувањето на Управниот одбор согласно Уредбата;
- презема мерки за спроведување на заклучоците на Управниот одбор;
- се грижи за спроведување на Акцискиот план за Националната рурална мрежа и
- одлучува за одржување на состаноци, советувања во врска со разгледување на прашања во надлежност на Управниот одбор.

## III. Членови на Управниот Одбор

## Член 11

Членовите на Управниот одбор имаат право и должност да присуствуваат и да гласаат на седниците на Управниот одбор, да предлагаат одредени предлози и поставуваат прашања кои се во надлежност на Управниот одбор, да учествуваат во одлучувањето и да даваат иницијативи за работа на Националната рурална мрежа, да бидат во тек и да учествуваат во подготовка на материјали што ги донесува Управниот одбор.

Членовите на Управниот одбор се должни да ги чуваат службените тајни и другите доверливи податоци кои ги дознава во извршувањето на своите должности и за истите се одговорни.

Како тајна се сметаат податоците кои членот ќе ги дознае на седницата на Управниот Одбор, во врска со прашањата за кои на седницата се расправа без присуство на јавност.

За тајна се сметаат и сите материјали кои му се упатуваат на Управниот Одбор, а кои се означени како такви.

Мандатот на членовите на Управниот Одбор трае седум години или за периодот предвиден со Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој која е во сила.

Членството во Управниот Одбор може да престане и пред истекување на периодот од седум години, предвидено со член 6 став 10 од Уредбата.

Мандатот на член на Управниот одбор може да престане и доколку три пати последователно неоправдано отсуствува од седниците на Управниот одбор без образложение.

Членот на Управниот одбор, кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седницата, е должен благовремено да го извести Претседателот со образложение.

**Член 12**

Заради обезбедување на услови за вршење на функцијата член на Управен Одбор, Секретаријатот на членовите на Управниот Одбор:

- им укажуваат стручна помош во изработувањето на предлозите што тие ги доставуваат до Управниот Одбор;
- им обезбедуваат дополнителна документација која им е потребна за нивната работа;
- им даваат стручни објасненија и појаснување за проблемите на кои тие работат и
- се грижат за обезбедување на технички услови за нивната работа.

## IV. Делокруг на работа на Управниот одбор

**Член 13**

Управниот Одбор ги врши работите утврдени во член 9 од Уредбата:

- управување со работата на Националната рурална мрежа;
- усвојување на Деловник за работа на Управниот одбор на Националната рурална мрежа;
- разгледување на предлози доставени до Управниот Одбор;
- поднесување на предлози до Министерството со цел да се подобри спроведувањето на Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој;
- споделување на информации за мерките од Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој и
- споделување на информации за поттикнување на иновации во земјоделството, производство на храна, шумарство и одржливиот развој на руралните средини, руралните заедница и руралните региони.

**Член 14**

Управниот Одбор ги донесува следните одлуки:

- Одлука за одобрување на активности;
- Одлука за одбивање на активности и
- Други одлуки поврзани со работата на Управниот одбор.

Управниот Одбор при донесувањето на одлуките во предвид ги зема одредбите во член 13, став 4, став 5 и став 6 од Уредбата.

Управниот одбор може да предложи формирање и на нова тематска група согласно член 11 став 6 алинеа 2 од Уредбата.

## V. Конститутивна седница

### Член 15

Конститутивната седница ја свикува Претседателот по добиено известување од Секретаријатот на Националната рурална мрежа (во понатамошниот текст: Секретаријатот) дека организациските форми од членовите на Националната рурална мрежа имаат избрано свои претставници и заменици.

На оваа седница Претседателот ги потврдува избраните претставници на Управниот Одбор од страна на членовите на разните организациски форми.

Рокот за свикување на оваа седница е не повеќе од 60 дена од изборот на членовите на Управниот Одбор.

## VI. Ред на седниците на Управниот одбор

### 1. Свикување на седница

### Член 16

Управниот Одбор својата работа ја врши и одлучува по пат на седници. Седниците на Управен одбор се свикуваат најмалку два пати во текот на секоја календарска година. Седниците на Управниот Одбор се јавни и на нив може да присуствува секој член на Националната рурална мрежа без право на учество во работата и одлучувањето на Управниот одбор

Седница на Управен одбор свикува Претседателот, заменик претседателот на Управниот одбор или седницата се свикува на иницијатива на 3 членови на Управниот одбор.

До членовите на Управниот одбор се доставува покана со предлог дневен ред и соодветен материјал за прашањата што се предлагаат на дневен ред во електронска форма, осум дена пред одржување на седницата.

По потреба, во случај на итност, седницата на Управниот одбор може да се свика усно, без наведување на предлог дневен ред и без доставување на материјали.

Претседателот може да свика и да раководи со седница на Управниот одбор и со употреба на средства за електронска комуникација, преку видео и аудио врска или со употреба на електронски комуникациски средства.

### 2. Претседавање и учествување

### Член 17

Со седницата на Управен одбор заседава Претседателот, а во негово отсуство или спреченост заменик претседателот на Управниот одбор.

Во отсуство на претседателот на Управниот одбор сите права, обврски и должности ги презема заменик претседателот на Управен одбор.

Дневен ред на седница на Управен Одбор се утврдува на предлог на Претседателот на почетокот на седницата изгласан со мнозинство гласови од присутните членови на Управниот Одбор.

Во предлогот на дневниот ред Претседателот ги внесува сите прашања што до денот на свикување на седницата му се доставени од Секретаријатот.

Секој член на Управниот одбор на седницата може да предложи:

- измена на предложениот редослед на точките на дневен ред;
- некоја од предложените точки да се симне од дневен ред;
- дневниот ред да се пополни со нова точка на дневниот ред, но е должен да ја образложи итноста на тој предлог, а истата треба да добие мнозинство гласови од присутните членови на Управниот одбор и
- предложените нови точки кои треба да бидат дел од дневниот ред треба да бидат уредно заведени во архивата на министерството со архивски број на националанта рурална мрежа.

Доколку е прифатен предлогот за симнување на некоја од предложените точки од дневениот ред, не може да се бара нејзино повторно внесување во дневниот ред.

По утврдување на дневниот ред на седницата, што го предлага Претседателот, се пристапува кон усвојување на записникот и заклучоците од претходната седница на Управниот Одбор.

Управниот одбор работи врз основа на утврдениот дневен ред донесен со мнозинство гласови на Управниот Одбор.

Претседателот може да го ограничи времето на излагањето и дискусиите по одделни материјали.

За секој материјал на дневен ред излагањето да не биде подолго од 10 минути.

Дискусиите се ограничуваат по 5 минути со тоа што член кој дискутирал по точката на дневен ред нема право на повторна дискусија, освен ако од дискутантите не му е упатено директно прашање на кое има право да даде одговор.

Претседателот може да покани на седниците на Управниот Одбор да присуствуваат претставници од членовите на Националната рурална мрежа кои не се членови на Управниот Одбор, кои ќе можат да земат учество во работата без право на глас при одлучување

**Член 18**

Секој член на Управниот одбор зема збор откако ќе побара и добие збор од претседателот.

Претседателот дава право на збор според редоследот на пријава за расправа. Говорникот може да се опомени на ред или да се прекине во тек на говор само од страна на претседателот.

Претседателот води сметка говорникот да не биде попречуван или прекинат во своето излегање.

Право на реплика по дискусија на било кој член има секој член, но не повеќе од две реплики во траење од 3 минути.

**Член 19**

Членот кој сака да зборува околу повреда на дневниот ред, Претседателот му дава право на збор веднаш штом побара. Претседателот е должен после изнесениот приговор, да даде објаснување за повредата на Деловникот, односно утврдениот дневен ред.

Ако членот не е задоволен од даденото објаснување, за тоа се одлучува на седница без расправа.

Ако е одлучено дека се работи за повреда на Деловникот или дневниот ред, повредата се отстранува со повторување на постапката која мора да биде во склад со Уредбата и Деловникот.

**Член 20**

Говорникот може да зборува само на темата по основ на која се расправа според утврдениот дневен ред.

Ако говорникот се одалечи од темата на дневниот ред, претседателот го опоменува да се држи до дневниот ред.

Ако говорникот и после втората опомена не се придржува до темата на дневен ред, претседателот му го одзема правото на збор.

### 3. Одржување на редот и дисциплински мерки

**Член 21**

Редот на седницата го одржува Претседателот.

За нарушување на редот на седницата Претседателот може на членот да му ги изрече следните дисциплински мерки:

- Опомена;
- Опомена со одземање на правото на збор;
- Отстранување од седницата.

Дисциплинските мерки стапуваат на сила веднаш по изрекувањето од страна на Претседателот.

**Член 22**

Опомена се изрекува на членот кој на седницата со своето однесување или говор го нарушува редот, угледот или на друг начин ги прекршува одредбите на овој Деловник, а особено ако во својот говор не се придржува кон предметот за кој се расправа, ако зборува без одобрение од претседателот, ако со свои примедби или на друг начин му попречува на говорникот.

**Член 23**

Опомена со одземање на збор се изрекува на член кој на седницата со своето однесување или говор значајно го попречува редот на седницата, а особено ако во својот говор и откако му е

изречена опомена не се држи до предметот по кој се расправа, или ако со својот говор на груб начин го навредува Претседателот или другите членови на Управниот одбор.

**Член 24**

Отстранување од седницата се изрекува на член кој со своето однесување го нарушува редот на седницата и ги прекршува одредбите на овој Деловник, во мера која го доведува во прашање понатамошниот тек на седницата.

## 4. Тек на седницата и одлучување

**Член 25**

По отворањето на седницата Претседателот дава објаснување во однос на дневниот ред на седницата и известува за присутниот број на членови.

За Управниот одбор да може да работи и полноправно да донесува одлуки, потребно е на седницата да бидат присутни најмалку 50%+1 од вкупниот број на членови на Управниот одбор, односно најмалку 7 членови на Управниот Одбор (кворум за работа).

После утврдувањето на дневниот ред се преминува на расправа по поедини теми и тоа според редоследот кој е утврден и прифатен со дневниот ред на седницата.

Претседателот ја заклучва расправата за завршена кога нема повеќе пријавени говорници.

**Член 26**

Гласањето на седницата е јавно, освен ако членовите не одлучат по поедини точки да се гласа тајно.

Јавното гласање се спроведува истовремено со кревање на рака или наизменично изјаснување.

Тајното гласање се спроведува со гласачки ливчиња. При тајно гласање помагаат членови на Управниот Одбор кои претседателот ги одредува или членовите на Секретаријатот на националната рурална мрежа.

Се гласа со „за", „против" и „воздржан".

За присуството на членовите на седниците на Управниот Одбор се води евиденција. Евиденцијата ја води член на Секретаријатот задолжен за менаџирање на работата на Управниот Одбор.

Член од Секретаријатот по евиденцијата за присуство која што ја води, го известува Претседателот на Управниот одбор за членот и од која организациска форма е претставник доколку отсуства три пати едноподруго од седниците на Управниот одбор.

По завршувањето на претресот по секоја точка на дневен ред за кое е расправано, врз основа на предлозите усвоени на седницата се донесува заклучок, кој го формулира Претседателот.

Заклучоците од седницата ќе бидат доставени до сите членови на Управниот Одбор, не подоцна од 15 дена по одржување на состанокот. Членовите на Управниот Одбор своите забелешки и

препораки ги доставуваат до Секретаријатот во рок од 10 дена од денот на приемот на документите.

Заклучоците ги утврдува Управниот Одбор на првата наредна седница, а пак заклучоците кои се од итен карактер, се утврдуваат на истата седница.

## VII. Евидентирање на седниците

### Член 27

За работата на седницата се води записник. Во записникот ќе бидат вклучени дневниот ред од седницата, листата на присутни, краток преглед на дискусиите, изнесените предлози, резултатот од гласањето по поедините точки, резимирани излагања, кои задолжително се внесуваат на барање на говорникот и донесените одлуки.

Записникот ќе го води и изготвува Секретаријатот.

Дискусиите ќе бидат снимени со опрема за аудио запис и истите ќе можат по потреба да се користат од страна на Секретаријатот.

Предлог записникот ќе биде доставен на коментари и забелешки до сите членови кои биле присутни на седницата, не подоцна од 30 дена по одржувањето на седницата. Членовите на Управниот одбор треба да ги достават своите забелешки, предлози и препораки до Секретаријатот, не подоцна од 10 дена по добивањето на предлог записникот.

Финалната верзија на Записникот од претходниот состанок ќе биде разгледана и усвоена на почетокот на следната седница и потпишана од Претседателот.

### Член 28

Секој член пред почетокот на седницата, има право да изнесе забелешки на записникот од претходната седница.

За основаноста на изнесените забелешки се одлучува на седницата. Ако изнесените забелешки се прифатат, во записникот се прават соодветните измени.

Записникот на кој не се изнесени забелешки, односно записникот во кој согласно се прифатени направените измени, се смета за усвоен.

Записникот ги содржи главните зборови од дискусијата, а за целиот текст потребно е да се достави делот од аудио записот.

### Член 29

Записникот го потпишуваат Претседателот и записничарот.

Записникот се усвојува на првата наредна седница на Управниот одбор.

Записниците и аудио записот се чуваат во архивата на Секретаријатот.

## VIII. Јавност на работата на Управниот одбор

### Член 30

За јавност на работата се грижи Претседателот на Управниот одбор.

Известувањето на членовите и јавноста за работата на Управниот одбор, посебно за одделни заклучоци, донесени на седница, го врши Претседателот преку електронските и пишаните медиуми и со објавување на информациите на интернет страницата на Националната рурална мрежа.

По барање на членството на националната рурална мрежа може да се обезбеди директен пренос на веб страната www.nmrr.mk (live stream).

Управниот одбор определува кои податоци и материјали можат да се објават или на друг начин да се стават на располагање на јавноста, а кои можат да се чуваат како исклучиво за членовите на Управниот одбор - деловна тајна.

### Член 31

Управниот одбор ја известува јавноста за својата работа преку:

- издавање на соопштенија на интернет страницата на Националната рурална мрежа, билтени за позначајните прашања што се разгледуваат на седниците како и за ставовите и заклучоците по нив и
- организирање на конференции за печатот, радиото и телевизијата.

## IX. Преодни и завршни одредби

### Член 32

Овој Деловник го усвојува Управниот одбор, а го одобрува Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прашањата кои не се уредени со овој Деловник, Управниот Одбор може да ги уреди со своја посебна одлука.

Измените и дополнувањата на овој Деловник, се донесуваат со иста постапка како и Деловникот.

### Член 33

Овој деловник влегува во сила од денот на усвојување од страна на Управниот одбор.

Бр. __________________

_______________2023 година

Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство

Љупчо Николовски